Врз основа на член 36 став (1) алинеја 18 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија ("Службен весник на РСМ " бр.102/19) и член 17 став 3 в.в. став 1 од Деловникот за работа на Судскиот совет на РСМ („Службен весник на РСМ" бр. 274/19, 186/20 и 5/23), Судскиот совет на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 13.03.2023 година го донесе следниот

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА НАЧИНОТ НА ФОРМИРАЊЕ НА КОМИСИЈА ЗА ПРОВЕРКА НА ИСПОЛНЕТОСТ НА УСЛОВИТЕ И КРИТЕРИУМИТЕ ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СУД, КАКО И НАЧИНОТ НА РАБОТЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА

## Општа одредба

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на формирањето на Комисијата за проверка на исполнетост на условите и критериумите за избор на претседател на суд, како и начинот на работење на комисијата.

## Формирање на Комисија

Член 2

Комисијата за проверка на исполнетост на условите и критериумите за избор на претседател на Основен суд, Апелационен суд, Управниот суд, Вишиот управен суд и Врховниот суд на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Комисијата), се формира на истата седница на која Советот донесува одлука за објавување на оглас за избор на претседател на суд.

Член 3

Комисијата е во состав од три члена од редот на членовите на Советот со право на глас, избрани по пат на ждрепка од кои два се од редот на членовите избрани од редот на судиите, а еден од редот на членовите избрани од Собранието на Република Северна Македонија, а од нив по пат на ждрепка се избира претседателот на Комисијата.

**Начин на работење**

Член 4

Комисијата од членот (2) на овој правилник:

- ја проверува навременоста и комплетноста на документите на кандидатите;
- ја проверува функционалноста на емаил адресата на кандидатот;
- ја разгледува и вреднува програмата за работа со акцискиот план;
- прибавува оцена за работата на кандидатот;
- спроведува психолошки тест и тест за интегритет на кандидатите;
- организира проверка на практична работа со компјутери;
- спроведува интервју со кандидатите и
- составува Извештај со Предлог листа на кандидати кои ги доставува до Советот.

**Проверка на навременост и комплетност на документите**

Член 5

(1) Комисијата на состанок расправа за навременост на пријавите и комплетност на документите на пријавените кандидати по огласот за избор на претседател на суд.

(2) Комисијата составува записник, а врз основа на записникот изготвува Извештај кој го доставува на разгледување и усвојување на седница на Советот.

(3) Ненавремените и некомплетни пријави кон огласот, Советот ќе ги отфрли, за што ќе ги извести кандидатите преку емаил адресата.

**Проверка на емаил адреса**

Член 6

Комисијата ја проверува функционалноста на емаил адресата на кандидатот на начин дали е подготвен кандидатот да одговори до следниот работен ден. Доколку е ова неуспешно кандидатот може да понуди друга сигурна можност за комуникација.

**Програма за работа со акциски план**

Член 7

(1) Во програмата за работа во текот на мандатот кандидатот го изнесува своето видување на проблемите во функционирање на судот,

начинот на решавање и унапредување на судот со акциски план за спроведување на програмата за време од четири години.

(2) Комисијата ја разгледува и вреднува програмата за работа со акцискиот план на кандидатите.

**Оцена на работата**

Член 8

Ја прибавува оцената која кандидатот ја добил од спроведеното редовно или вонредно оценување на кандидатот.

**Психолошки тест и тест на интегритет**

Член 9

(1) По однос на законскиот услов да кандидатот поседува интегритет и социјални способности за вршење на судиската функција за што се спроведуваат тестови за интегритет и психолошки тестови, Комисијата спроведува тестирање на кандидатите кои не го положиле психолошкиот тест и тестот за интегритет или до денот на објавување на огласот за избор се изминати четири години од денот на издавање на стручното мислење.

(2) За денот и часот на спроведување на психолошкиот тест и тестот за интегритет Комисијата лично ги известува кандидатите .

**Проверка на практична работа со компјутери**

Член 10

(1) За кандидатите кои се избрани за судии пред 26.11.2010 година кога стапи на сила Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите ("Службен весник на РМ" бр.150/10) со кој се воведе проверка на практична работа со компјутери, Комисијата не организира проверка на практична работа со компјутери.

(2) За кандидатите избрани за судии по 26.11.2010 година, се спроведува проверка на знаење на практична работа со комјутери од страна на Комисијата за проверка на знаењето на практичната работа со компјутери формирана при Судскиот совет, а за денот и часот на спроведување на проверката кандидатите ги известува Комисијата од ставот (2) на овој член.

(3) Кандидатите за кои од страна на Советот била извршена проверка на знаење на практична работа со компјутери, нема да се спроведе повторно проверка на знаењето.

**Интервју**

Член 11

Комисијата утврдува ден, час и место на спроведување на интервју со кандидатите кое го објавува на веб страницата на Советот и лично ги известува кандидатите во рок од 5 дена пред денот на спроведување на интервјуто.

**Извештај и Предлог листа на кандидати**

Член 12

(1) Комисијата составува Извештај за целокупниот тек на постапката во кој внесува податок за вкупниот број на кандидати по огласот, резултатите од спроведениот психолошки тест и тест на интегритет и од проверката на практичната работа со компјутери, оценката на кандидатот, вреднување на програмата за работа на кандидатите и спроведеното интервју со кандидатите.

(2) Составен дел на Извештајот е Предлог листа на кандидати составена по азбучен редослед на презимето на кандидатот, која содржи:

-Име и презиме на кандидатот;

-Судот во кој ја извршува функцијата;

-Податоци за вкупниот судискиот стаж на кандидатот и

-Оценка за работата.

(3) Извештајот со Предлог листа на кандидати, Комисијата го доставува до Советот.

(4) При составување на Предлог листа на кандидати, Комисијата ќе ја запази правичната и соодветна застапеност во изборот на претседатели на судови.

**Завршна одредба**

Член 13

Овој правилник влегува во сила со денот на донесување, а се објавува на веб страницата на Судскиот совет.

**Бр.01-584/1**
**13 март 2023 година**
**Скопје**

**Судски совет на**
**Република Северна Македонија**
**Претседател,**
**Весна Дамева**